# СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 68 став 1 алинеја 2 од Уставот на Република Северна Македонија, Собранието на Република Северна Македонија на седницата одржана на 12 септември 2025 година даде

## АВТЕНТИЧНО ТОЛКУВАЊЕ НА ЧЛЕНОТ 3 СТАВ 1 ТОЧКА 4-А ОД ЗАКОНОТ ЗА ТРГОВСКИТЕ ДРУШТВА („СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА“ БРОЈ 28/2004, 84/2005, 71/2006, 25/2007, 87/2008, 17/2009, 23/2009, 42/10, 48/10, 8/11, 21/11, 24/11, 166/12, 70/13, 119/13, 120/13, 187/13, 38/14, 41/14, 138/14, 88/15, 192/15, 217/15, 6/16, 30/16, 61/16, 64/18, 120/18, 195/18 И 239/18 И „СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА“ БРОЈ 290/20, 215/21, 99/22 И 272/24)

Точката 4-а од ставот (1) на членот 3 од Законот за трговските друштва, гласи:

„4-а) „Заем што се трансформира во влог во друштвото во постапка на зголемување на основна главнина на друштвото" е заем даден од содружник или трето лице во друштво со ограничена одговорност, односно даден од страна на единствениот акционер на друштвото кое е во целосна негова сопственост;”.

Одредбата од точката 4-а) од ставот (1) на членот 3 треба да се толкува така што заем што се трансформира во влог во друштвото во постапка на зголемување на основна главнина на друштвото е заем даден од содружник или трето лице во друштво со ограничена одговорност, односно даден од страна на единствениот акционер на друштвото кое е во целосна негова сопственост. Трансформацијата на заемот во влог во друштвото во постапка на зголемување на основна главнина на друштвото може да се направи и кога заемот е даден од единствениот акционер на друштвото кое е во целосна негова сопственост и кога друштвото поседува сопствени акции.

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-4874/1
12 септември 2025 година
Скопје

Претседател на Собранието
на Република Северна
Македонија,
**Африм Гаши,** с.р.